**З А П И С Н И К**
**од 46-та седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 13.03.2025 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12.00 часот.
Во работата на советот учествуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) од кои во салата пристуни 9 (девет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несториски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска, а двајца советници Сашо Михајловски и Сандра Пејковска во работата на советот учествуваа со употреба на комуникациски средства-преку телефон согласно одлуката за работа на Совет на општина Демир Хисар со употреба на комуникациски средства.
На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска и Марина Поповска. На седницата присутен беше директоротот на ЈКП „Комуналец" Гоце Мицковски, директорот на ЈП „Дехи Транс" Александар Чорбевски, присутни претставници на основните училишта Мирјана Пејчиновска, Марина Давидевска, претставник од ЈОУДГ „Втори Септември" Цане Трајчевски и претставник од СОУ „Крсте П. Мисирков" Сузана Мицевска.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 45 та седница на Совет на општина Демир Хисар

По записникот немаше забелешки. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Записникот беше усвоен со 11 „за", против и воздржани немаше.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година.
2. Донесување на Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година.
3. Усвојување на Завршна сметка на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2024 година.
4. Усвојување на Извештај за работа за 2024 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
5. Усвојување на Годишен извештај за извршените работи на одржување на јавна чистота во Општина Демир Хисарт за 2024 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
6. Усвојување на Завршна сметка на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за 2024 година.
7. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-7- куќи за потребите на селскиот туризам на КП бр.406, КО Бабино, Општина Демир Хисар.
8. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на градба со намена Е1.8- инфрастуктури за пренос на електрична енергија 10/20 KW средонапонски кабелски на КП 2258, КП 2265, КП 2259 и КП 233/13, КО Стругово, Општина Демир Хисар
9. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори од сончева енергија со намена Е1.13 со капацитет до 1 MW на КП бр.36, КО Стругово, Општина Демир Хисар
10. Донесување на Одлука за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови во Општина Демир Хисар за 2025 година.

11. Донесување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на Општина Демир Хисар бр. 07-782/3 од 29.09.2014 година
12. Предлози и прашања.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на дневниот ред со точка 11. Донесување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на Општина Демир Хисар бр. 07-782/3 од 29.09.2014 година. Во врска со предлогот за дополнување објаснување даде претставникот Александра Трајковска, кога се носеше одлуката на предходната седница направен е превид затоа сега се носи повторно одлука со тоа што предходната одлука ќе биде ставена вон сила. Од страна на советниците немаше забелешка. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Дневниот ред со дополнувањето беше усвоен со 11 „за“, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година***

Завршната сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Објаснување за завршната сметка имаше претставникот Марина Поповска. Во врска со завршната сметка немаше дискусија. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Завршната сметка беше донесена со 11 „за“, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година***

Годишниот извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година беше донесен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше претставникот Марина Поповска, при тоа укажувајќи на техничка грешка која беше корегирана. Во врска со извештајот советничката Марина Димитријовска побара објаснување во делот на приходите 723 такси и надоместоци планирани се 400.000, а реализирани се 26.862 многу мала реализација. Претставникот Марина Поповска објасни предходни години добивме средства за покривање на долговите кај општински институции 1 милион денари, требаше општината да распиши оглас за да се јават побарувачите, кај нас никој не се јави, поради тоа не ни ги прифатија нашите обврски, па сега општината ги враќа долговите, така што ги враќаме на рат, во кварталниот извештај се јавува минусна ставка така се прифаќаше, во завршната сметка побараа да се прикажи точно приход повраток тоа е 26.862. На ставка 725 е прикажан само приливот, додека на ставка722 реализирани се 145.650, на ставка 723 реализирани се 211.320 или вкупно приход 356.970, во извештајот се прикажани како што ни предложија да се одземат од приходот 356.970 средствата за поврат 330.108, остануваат 26.832. Советничката Марина Димитријовска праша колку средства треба да се вратат. Претставникот Марина Поповска објасни тогаш ни ги префрлија средствата, училиштата си повлекоја и се платија обврските, сега општината треба да ги врати средствата. Градоначалникот Никола Најдовски дополнително објасни најдено е пропуст во постапката, затоа општината треба да ги врати тие средства ќе се плаќаат три години на рати. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување за побарувањата според извештајот 9.212.296, додека во извештајот од извршен годишен попис на средства, побарувања и обврски на општината има разлика од 12.997. Претставникот од општината Марина Поповска објасни ако се соберат сите суми треба да е точно можеби има техничка грешка во извештајот. Советничката Марина Димитријовска праша каква е финансиската состојба во основните училишта. Претставникот Мирјана Пејчиновска објасни во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар од сопствени приходи заедно со пренесено салдо има вкупно приход од 350.350 денари од кои 154.347 се приходи од спортската сала и 1.800 од направена штета, расходи се 186.289. Претставникот Сузана Мицевска објасни во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар сопствени

приходи има 373.160, и пренесено салдо од предходна година 120.111 вкупно 493.271 денари, а расходи има 257.378. Советникот Јордан Кромидаровски побара објаснување околу побарувањата по основ данок на имот, комунална такса. Претставникот Марина Поповска објасни некој побараувања по основ на данок на имот се од поодминати години само се прелеваат неможат да се наплатат тие се наплаќаат кога ќе се прави наследно решение, за комунална такса некој имаат затворено фирми не сме известени. Градоначалникот Никола Најдовски објасни 7 милиони се од закупнини, се разговараше со адвокат ќе се бара начин да се наплати, некој работат добро, но не плаќаат, некои затвораат фирми отвораат нови само да избегнат да платат ќе се бара некое решение. Се пуштаат опомени. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Завршната сметка за 2024 година беше усвоен со 11 „за“, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 3. Завршна сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2024 година***

Завршната сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2024 година беше усвоена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката Сандра Пејковска. За завршната сметка објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Советникот Јордан Кромидаровски забележа многу трошоци претпријатието има за камати, за судски трошоци, за амортизација за ова беше објаснето на комисијата. Да се избегнуваат ваквите трошоци да се намалат колку што се можи. Директорот Гоце Мицковски објасни на што се доллжат ваквите трошоци. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Завршната сметка беше донесена со 7 „за“ , 4 „воздржани“, против немаше.

***ТОЧКА 4. Извештај за работа за 2024 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Извештајот за работа за 2024 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар беше усвоен од комисијата за јавни и комунални работи објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Во врска со извештајот објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Дискусија немаше. Советникот Јордан Кромидаровски забележа има зголемени трошоци за камата, адвокатски трошоци треба да се настојува да се избегнуваат вакви трошоци, исто и амортизација има многу, но на комисија му беше објаснето дека се однесува за основните средства кои ги набавува општината, а се отстапуваат на претпријатието. Директорот Гоце Мицковски објасни ќе се намалуваат расходите секаде каде има можност. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Завршната сметка беше донесена со 7 „за“ „за“, 4 „воздржани“, против немаше.

***ТОЧКА 5. Годишен извештај за извршените работи на одржување на јавна чистота во Општина Демир Хисарт за 2024 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Годишниот извештај за извршените работи на одржување на јавна чистота во Општина Демир Хисарт за 2024 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар беше усвоен од комисијата за јавни и комунални работи објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Во врска со извештајот објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Завршната сметка беше донесена со 7 „за“ „за“, 4 „воздржани“, против немаше.

***ТОЧКА 6. Завршна сметка на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за 2024 година***

Завршната сметка на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за 2024 година беше усвоена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За завршната сметка објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат

на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Завршната сметка беше донесена со 11 „за“, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 7. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-7- куќи за потребите на селскиот туризам на КП бр.406, КО Бабино, Општина Демир Хисар***

Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-7- куќи за потребите на селскиот туризам на КП бр.406, КО Бабино, Општина Демир Хисар се разгледуваше на Комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни членот на комисијата Марина Димитријовска потоа додаде на предлог на претседателот на комисијата Иван Кузмановски точката беше одложена за наредна седница со образложение  немаше присутен претставник, за подетално објаснување. Од оправдани причини и на седницата на совет немаше присутен претставник од одделението за урбанизам, комунални работи и ЗЖС. Советниците се согласија со предлогот да биде одложена точката.

***ТОЧКА 8. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на градба со намена Е1.8- инфрастуктури за пренос на електрична енергија 10/20 KW среднонапонски кабелски  на КП 2258, КП 2265, КП 2259 и КП 233/13, КО Стругово, Општина Демир Хисар***

Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на градба со намена Е1.8- инфрастуктури за пренос на електрична енергија 10/20 KW среднонапонски кабелски на КП 2258, КП 2265, КП 2259 и КП 233/13, КО Стругово, Општина Демир Хисар беше донесена од Комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни членот на комисијата Марина Димитријовска. Советниците немаа забелешка. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Одлуката беше донесена со 11 „за“, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 9. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори од сончева енергија со намена Е1.13 со капацитет до 1 MW на КП бр.36, КО Стругово, Општина Демир Хисар***

Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори од сончева енергија со намена Е1.13 со капацитет до 1 MW на КП бр.36, КО Стругово, Општина Демир Хисар беше донесена од Комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни членот на комисијата Марина Димитријовска. Советниците немаа забелешка. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Одлуката беше донесена со 11 „за“, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 10. Одлука за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови во Општина Демир Хисар за 2025 година***

Одлуката за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови во Општина Демир Хисар за 2025 година беше донесена од Комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни членот на комисијата Марина Димитријовска, со напомена дека во оваа одлука ќе се тргни точка 1 која се однесуваше на одлуката која беше одложена.  Советниците немаа забелешка. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Одлуката беше донесена со 11 „за“, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 11. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на Општина Демир Хисар бр. 07-782/3 од 29.09.2014 година***

За Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на Општина Демир Хисар бр. 07-782/3 од 29.09.2014 година објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. На предходната седница се носеше одлука, но направен е превид покрај член 173 треба да се промени и член 184. Советниците немаа забелешка. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 46-тата седница. Одлуката беше донесена со 11 „за“, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 12. Предлози и прашања***

Советниците на предходната седница донесоа заклучок да се направи предмер пресметка за санирање на резервоарите за вода во Базерник и Доленци, прашањето беше упатено до директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Гоце Мицковски дали е направена предмер пресметка. Директорот Мицковски објасни кога ќе се изготви советниците ќе бидат запознаени за вредноста на зафатот.

Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 470/2
17 .04.2025 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.